# ОПШТИНА БИТОЛА

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОПШТИНА БИТОЛА ЗА 2011 ГОДИНА

Предлагач:
Градоначалник на Општина Битола
Г-дин Владимир Талески

Изготвувач:
Сектор за финансиски прашања
на Општина Битола

*Битола, февруари 2012 година*

Содржина:

- Вовед_2
- Годишна сметка / наративен дел_3
- Извештај за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средствата и нивната вредност_17
- Извештај за реализација на инвестиционите програми, наменските, капителните и блок дотации, дотациите за делегирани надлежности_20
- Извештај за користење на средствата од резервите_25
- Изјава од одговорниот сметководител
- Прилози
- Биланс на приходи и расходи
- Биланс на состојба( од сметка Буџет на Општината и орган на Општина Битола)

## 1. Вовед

**Основни податоци за Општината**

Број на жители 95385

Површина и населени места 794,53 км2

Битола е лоцирана во југозападниот дел на Македонија и се наоѓа на само 13 км оддалеченост од границите на ЕУ.Битола е еден од најголемите градови во Македонија, со околу 95385 жители во градот и околните 64 рурални населби. Градот има долга и богата историја која допира дури до неолитскиот период.

**Надлежност**

Општината самостојно, во рамките на законот и Статутот ги уредува и врши работите од јавен интерес од локално значење, утврдени со Законот за Ло кална самоуправа, или друг закон, како и работите кои не се исклучени од нејзина надлежност или не се во надлежност на органите на државната власт.

Надлежности, односно работи од јавен интерес од локално значење се:

- Урбанистичко планирање, издавање на одобрение за градење на објекти од локално значење, уредување на просторот и на градежното земјиште;
- Заштита на животната средина и природата, со преземање на мерки за заштита и спречување од загадување на водата, воздухот, земјиштето;
- Локален економски развој, водење на локална економска политика;
- Комунални дејности, пред се снабдување со вода за пиење, испорака на технолошка вода, пречистување на отпадни води, јавно осветлување, одржување на јавна чистота, собирање, транспортирање на комунален цврст и технолошки отпад, изградба, одржување и реконструкција на локални патишата и друг вид комунални дејности;
- Култура, преку институционална и финансиска поддршка на културните установи и проекти;
- Образование, основање, финансирање и администрирање на основни и средни училишта, во соработка со централната власт;
- Социјална и детска заштита, изградба и одржување на детски градинки и домови за стари, социјална грижа за инвалидните лица, деца со посебни потреби, деца без родители и друго;
- Заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од воени разузнувања, природни непогоди;
- Противпожарна заштита што ја вршат територијалните противпожарни единици;
- Надзор над вршењето на работите од нејзината надлежност.

**Буџет и Одлука за извршување на Буџетот на Општината**

Основните претпоставки за поготвување на Буџетот на Општина Битола претставуваат законските и подзаконските прописи со кои се уредени правата, обврските и надлежностите на Општината Битола(Законот за локална самоуправа, Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, Законот за буџетите),макроекономските индикатори, фискалната политика на Владата на Република Македонија, вклучувајќи ги и основните насоки за поготовка на Буџетот за 2011 година добиени од Министерството за Финансии на Република Македонија.

Буџетот на Општина Битола за 2011 година е донесен од Советот на Општина Битола на седница одржана на ден 23.12.2010 година , заедно со Одлуката за извршување на буџетот на Општина Битола за 2011 година.

Во текот на 2011 година се донесени две Одлуки за измени и дополнувања на Буџетот за 2011 година на седница на Совет на Општина Битола одржана на ден 25.07.2011 година , и 03.11.2011 година, и две Измени и дополнувања на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Битола на ден 28.02.2011 и 25.07.2011 година. Измените и дополувањата беа извршени заради усогласување на приходниот со расходниот дел во основнот буџет, како и заради потребите од усогласување на приходите и расходите на буџетите на локалните јавни установи .

# БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

## 2. Годишна сметка

### 2.1.Приходи на Општината

Приказ на планираните и реализираните приходи на Општината по видови и по сметки.

Споредбата на планираните и реализираните приходи исто така е добар показател за доброто или лошото планирање и реализација на планот и за истото да се даде оценка за успешноста на општинската даночна администрација, односно на Општината Битола за наплатата на сопствените приходи и напорите на органите на Општина Битола ,за обезбедување на дополнителни средства по Програмите на надлежните министерства и донациите од земјата и странство. За остварување на сопствените приходи во 2011 година општината издаде 34556 решенија за данок на имот, 5232 решенија за фирмарина, 1343 решенија за купопродажба, и 1598 решенија за наледство и подарок, и други акти донесени во управна постапка во помал број , но сепак со значајни приходи , како надоместокот за уредување на градежно земјиште,такси за музика во јавни локали и сл.

**На сметката основен буџет на Општина Битола планирани се и реализирани следните приходи:**

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **651.810.025** | **502.341.010** |
| **71 Даночни приходи** | **425.953.486** | **302.273.781** |
| 711 Данок од доход, добивка и капитални добивки | 15.562.000 | 14.454.581 |
| 712 Придонеси за социјално осигурување | | |
| 713 Даноци на имот | 148.700.000 | 123.515.213 |
| 717 Даноци на специфични услуги | 227.491.486 | 150.123.180 |
| 718 Такси за корисење или дозволи за вршење дејност | 34.200.000 | 14.180.808 |
| **72 Неданочни приходи** | **78.164.214** | **18.785.924** |
| 722 Глоби, судски и административни такси | 7.010.000 | 7.336.528 |
| 723 Такси и надоместоци | 9.000.000 | 7.853.905 |
| 724 Други Владини услуги | 420.000 | 82.896 |
| 725 Други неданочни приходи | 61.734.214 | 3.512.597 |
| **73 Капитални приходи** | **82.630.000** | **62.018.499** |
| 731 Продажба на капитални средства | 50.000 | 39.200 |
| 733 Продажба на земјиште и нематеријални вложувања | 82.580.000 | 61.979.299 |
| **74 Трансфери и донации** | **65.062.325** | **119.262.806** |
| 741 Трансфери од други нивоа на власт | 65.062.325 | 119.262.806 |
| 742 Донации од странство | | |
| 743 Капитални донации | | |
| **75 Домашно задолжување** | | |
| **76 Задолжување во странство** | | |
| **77 Продажба на хартии од вредност** | | |
| **78 Приходи од отплата на заеми** | | |
| **79 Разлика на приходите и трошоците** | | **27.410.851** |




Исто така, може да се прикажат графички позитивните и/или негативните трендови на планирање или отстапувања доколку за истите се утврди дека ги има.

**71 Планираните даночни приходи се остварени со 70,96 %**

711- Данок од доход, од добивка, и од капитални добивки, од планираните 15.562.000,00 денари од вкупниот буџет, отварени приходи се во износ од 14.454.581,00 денари или 92,88 %.

Ставка 713- Данок на имот од планираните во вкупниот буџет 148.700.000,00 денари, остварени приходи се во износ од 123.515.212,50 денари или 83,06 %.

Ставка 717- Данок на специфични услуги од планираните 227.491.486,00 денари остварени приходи се во износ од 150.123.179,50 денари, или 65,99 %.

Ставка 718 - Такси за користење или дозволи за вршење дејност од планираните 34.200.000,00 денари ,остварени се 14.180.808,00 денари, 41,46 %.

**72 Планираните неданочни приходи се остварени со 24,03 %**

Ставка 722- Глоби,судски и административни такси од планираните 7.010.000,00 денари, остварени приходи се во износ од 7.336.527,50 денари или 104,66 %.

Ставка 723- Такси и надоместоци во од планираните 9.000.000,00 денари остварени приходи се во износ од 7.853.904,50 денари, или 87,27 %

Ставка 724-Други владини услуги од планираните 420.000,00 денари, остварени се приходи во износ од 82.895,50 денари, или 19,74 %.

Ставка 725-Други неданочни приходи од планираните 61.734.214,00 денари, остварени приходи се во износ од 3.512.596,50 денари , или 5,69 %.

**73 Планираните капитални приходи остварени се со 75,06 %**

Ставка 731- Продажба на капитални средства од планираните 50.000,00 денари, остварени се приходи од 39.200,00 денари или 78,40 %.

Ставка 733- Продажба на земјиште и нематеријални вложувања од планираните 82.580.000,00 денари, остварени се приходи од 61.979.299,00 денари или 75,05 %.

**74 Планираните трансфери и донации оставарени се со 183 %.**

Ставка 741- Трансфери од други нивоа на власт од планираните 65.062.325,00 денари, остварени се приходи во износ од 119.262.806,00 денари или 183 %.

**На сметката Самофинансирачки активности планирани се и реализирани следните приходи**

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **Вкупни приходи** | **79.931.440** | **50.548.571** |
| **72 Неданочни приходи** | **79.520.290** | **42.592.504** |
| 721 Претприемачки приход и приход од имот | | |
| 722 Глоби, судски и административни такси | | |
| 723 Такси и надоместоци | 73.132.690 | 38.671.771 |
| 724 Други Владини услуги | 500 | 500 |
| 725 Други неданочни приходи | 6.387.100 | 3.920.233 |
| **73 Капитални приходи** | **411.150** | |
| 731 Продажба на капитални средства | 411.150 | |
| **74 Трансфери и донации** | | **7.956.067** |
| 741 Трансфери од други нивоа на власт | | 7.956.067 |
| 742 Донации од странство | | |
| 743 Капитални донации | | |
| **75 Домашно задолжување** | | |
| **76 Задолжување во странство** | | |
| **77 Продажба на хартии од вредност** | | |
| **78 Приходи од отплата на заеми** | | |
| **79 Разлика на приходите и трошоците** | | **8.602.012** |




Пооделно остварувањето на приходите кај локалните јавни установи Советот на Општина Битола ќе може да ги констатира преку разгледување на завршните сметки на локалните јавни установи.

**На сметката Донации планирани се и реализирани следните приходи**

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **Вкупни приходи** | **31.440.571** | **7.899.233** |
| **74 Трансфери и донации** | **31.440.571** | **7.899.233** |
| 741 Трансфери од други нивоа на власт | | 20.256 |
| 742 Донации од странство | 29.340.571 | 7.878.977 |
| 743 Капитални донации | | |
| **744** Тековни донации | 2.100.000 | |
| **75 Домашно задолжување** | | |
| **76 Задолжување во странство** | | |
| **77 Продажба на хартии од вредност** | | |
| **78 Приходи од отплата на заеми** | | |
| **79 Разлика на приходите и трошоците** | | **3.361.102** |

До крајот на 2011 година остварени се приходи по основ на Донации и тоа;
**Донација - Тумбе-кафе Спортско- рекреативен комплекс** од планираните 2.018.844,00 денари , остварени се 2.018.844,00 денари, или 100%.
**Донација - Тумбе-кафе Културна историска знаменитост** од планираните 1.132.362,00 денари , остварени се 1.140.022,50 денари, или 100%.
**Донација - Санација и уредување на месни заедници** од планираните 1.500.000,00 денари , остварени се 198.831,00 денари, или 13,26%
**Донација - Граници без граници** од планираните 4.400.325,00 денари , остварени се 2.360.496,50 денари, или 53,64%.
Во сметките за Донации се и донациите на основните и средни училишта, старскиот дом, зоолошката градина која има остварување на приход од 9,74%.



## 2.2 Расходи на Општината

Расходната страна на буџетот на Општината Битола се планира согласно законските прописи и програмското планирање. Програмите се утврдени согласно со надлежностите.

Расходната страна на Основниот буџет на Општината Битола може да се прикаже по видови по сметкии и програми.Според програмската класификација во Буџетот на Општина Битола се опфатени 19 програми. Реализацијата на расходите во текот на цела 2011 година , е извршена како резултат на спроведени 186 постапки за јавни набавки од одделението за јавни набавки, и добиени 3298 фактури во одделението за сметководство.

**На сметката на основниот буџет на Општината Битола планирани се и реализирани следните расходи;**

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **651.810.025** | **474.930.159** |
| **40 Плати, наеминини и надоместоци** | **49.539.343** | **46.214.342** |
| 401 Основни плати и надоместоци | 31.210.105 | 29.110.383 |
| 402 Придонес за социјално осигурување | 11.400.000 | 10.536.502 |
| 404 Надоместоци | 6.929.238 | 6.567.457 |
| **41 Резерви и недефинирани расходи** | **1.100.000** | **592.622** |
| 412 Постојана резерва | 200.000 | |
| 413 Тековни резерви | 900.000 | 592.622 |
| **42 Стоки и услуги** | **196.685.446** | **172.421.686** |
| 420 Патни и дневни расходи | 3.105.000 | 870.291 |
| 421 Комунални услиги греење комуникација | 56.369.000 | 51.865.617 |
| 423 Ситен инвентар алат и други материјали за поправка | 4.335.000 | 2.998.187 |
| 424 Поправки и тековно одржување | 69.857.846 | 63.481.697 |
| 425 Договорни услуги | 27.918.600 | 20.903.082 |
| 426 Тековни расходи | 24.600.000 | 21.866.968 |
| 427 Привремени вработувања | 10.500.000 | 10.435.845 |
| **46 Субвенции и трансфери** | **44.834.000** | **39.554.137** |
| 463 Трансфери до невладини организации | 11.534.000 | 10.612.651 |
| 464 Разни трансфери | 32.650.000 | 28.630.581 |
| 465 Исплата по извршни расправи | 650.000 | 310.905 |
| **47 Социјални бенифиции** | **3.300.000** | **3.283.256** |
| 471 Социјални надоместоци | 3.300.000 | 3.283.256 |
| **48 Капитални расходи** | **356.351.236** | **212.864.116** |
| 480 Купување на опрема и машини | 7.950.000 | 6.410.914 |
| 482 Други градежни објекти | 339.851.236 | 202.783.179 |
| 483 Купување мебел | 900.000 | 16.308 |
| 485 Вложувања и нефинансиски средства | 5.650.000 | 1.750.376 |
| 486 Купување на возила | 2.000.000 | 1.903.340 |

***Вкупни тековни оперативни расходи:***

Ставка 401-Основни плати и надоместоци реализирани се расходи во во износ од 29.110.383,00 од вкупно планираните во буџетот 31.210.105,00 денари.

Ставка 402-Придонеси од социјално осигурување од работодавачите, реализирани се трошоци во износ од 10.536.502,00 денари од вкупно планирани во буџетот 11.400.000,00 денари.

Ставка 404- Надоместоци реализирани се трошоци од 6.567.457,00, денари од планираните 6.929.238,00 денари.

Ставка 413- Тековни резерви реализирани се трошоци во износ од 592.622,00 од планираните 900.000,00 денари.

Ставка 420- Патни и дневни расходи реализирани се расходи во износ од 870.291,00 денари од планираните 3.105.000,00 денари.

Ставка 421-Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт реализирани се во износ од 51.865.617,00 ден, од планираните 56.369.000,00 денари.

Ставка 423- Ситен инвентар, алат и други материјали за поправки реализирани се во износ од 2.998.187,00 денари, од планираните 4.335.000,00 денари.

Ставка 424-Поправка и тековно одржување, реализирани се трошоци во во износ од 63.481.697,00 денари од планираните 69.857.846,00 денари.

Ставка 425-Договорни услуги реализирани се услуги во износ од 20.903.082,00 денари од планираните 27.918.600,00 денари.

Ставка 426-Други тековни расходи реализирани се трошоци во износ од 21.866.968,00 денари, од планираните 24.600.000,00 денари во вкупниот буџет.

Ставка 427-Привремени вработувања реализирани се трошоци во износ од 10.435.845,00 денари, од планираните 10.500.000,00денари во вкупниот буџет

Ставка 463- Трансфери до невладини организации, реализирани се трошоци во износ од 10.612.651,00 ден, од планираните 11.534.000,00 денари.

Ставка 464-Разни трансфери реализирани се трошоци во износ од 28.630.581,00 ден, од планираните 32.650.000, 00 денари.

Ставка 465- Исплата по извршни исправи реализирани се трошоци во износ од 310.905,00 ден, од планираните 650.000,00 денари.

Ставка 471-Социјални надоместоци, реализирани се трошоци во износ од 3.283.256,00 ден, од планираните 3.300.000,00 денари.

***Вкупни капитални расходи:***

Ставка 480-Купување на опрема и машини, реализирани се расходи во износ од 6.410.914,00 ден, од планираните 7.950.000,00 денари

Ставка 482-Други градежни објекти, реализирани се расходи во износ од 202.783.179,00 ден, од планираните 339.851.236,00 денари.

Ставка 483-Купување на мебел, реализирани во износ од 16.308,00 ден, од планираните 900.000,00 денари.

Ставка 485-Вложувања и нефинансиски средства, реализирани се расходи во износ од 1.750.376,00 ден, од планираните 5.650.000,00 денари.

Ставка 486-Купување на возила, реализирани се расходи во износ од 1.903.340,00 ден, од планираните 2.000.000,00 денари.




Поединечно програмата А0 - Совет на општина е остварена со 65,81 %, Д0- Градоначалник со 78,07%, Е0- Општинска администрација со 86,88 %, Г2- Потикнување на развојот на туризмот 83,47 %, Ф1 Урбанистичко планирање 68,13 %, Ј3- Јавно осветление 95,53 %,Ј6-Одржување и заштита на локални патишта 83,19 %,Ј7- Одржување и користење паркови и зеленило91,69 %, ,Ј4- Јавна чистота 98,86 %,ЈД- Изградба и реконструкција на улици и патишта 61,62 %, Д1- Месна самоуправа 35,89 %, Г1- Подршка на локален економски развој 81,85 %, ЛА-Спорт и рекреација (капитални трошоци) со 10,05 %, Н1- Основно образование со 75,99%, Н2- Средно образование со 16,99% , ЊО-Противпожарна заштита со 78,49 %.

**Ставките 401,402,404 Основни плати и надоместоци** - се однесуваат на плати, надоместоци од плати и придонеси од плати за вработени , како и други надоместоци за советниците, за 12 месеци реализирани во вкупен износ од 46.214.342,00 денари .

**Ставките 413 Тековни резерви -** се средства кои се исплатени по решение за смрт на член на потесно семејство, боледување за подолго од 6 месеци за вработените во општината како и вработените во локалните јавни установи и реализирани се со вкупен износ од 592.622,00 денари.

**Ставката 420 Патни и дневни расходи** ги опфаќа патувањата во земјата и странство на вработените во општинската администрација, градоначалникот , претставниците од советот на општината и надворешни соработници, реализирани се во вкупен износ од 870.291 ,00 денари .

**Ставката 421 Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт** ги опфаќа трошоците за електрична енергија, вода и канализација, губретарина, течни горива, за општината, месните заедници, противпожарната заштита, уличното осветлување,телефон и телефакс за општинската администрација и членовите на советот на општината,горива и масла за возилата, регистрација на моторните возила, и транспорт на луѓе реализирана е вкупен износ од 51.865.617,00 денари.

**Ставката 423 Алат и ситен инвентар** опфаќа : канцелариски материјал, весници, списанија и други изданија, униформи, прехрамбени артикли и пијалаци, средства за одржување на хигиена, ситен инвентар, и други материјали , реализирана е со вкупен износ од 2.998.187,00 денари.

**Ставката 424 Поправка и тековно одржување** ги опфаќа поправката на возилата и тоа лесните возила и возилата во ТППЕ , одржувањето на зградата, , дезинфекција, деритизација, , поправка и одржување на опремата , поправка и одржување на уличното осветление и одржување на јавните зелени површини, реализирана е во износ од 63.481.697,00 денари.

**Ставката 425 Договорни услуги** ги опфаќа осигурувањата на возилата, недвижностите и правата , изработката на просторни и урбанистички планови, услугите за копирање и печатење, и договорни услуги од други лица,
( изведувачи физички лица за културни манифестации,лица вклучени за достава на решенија, работници ангажирани за проектот Почиста Битола и др),вкупната реализација е во износ од 20.903.082,00 денари.

**Ставка 426 Други тековни расходи** опфаќаат чланарини во домашни организации, расходи за репрезентација и други опративни расходи. Реализирани се во износ од 21.866.968,00 денари, најголем дел опфаќаат другите оперативни расходи ( уплати за поднесување на завршни сметки,трошоци кон Агенцијата за катастар на недвижности за имотни листови за имот на Општина Битола, фотографски услуги, миење на службените возила на општината, следење на културните настани и нивно претставување во електронските медиуми, вцртување на поземни инсталации, поставување и собирање на знамиња, изведувачи правни лица за културни манифестации) и др.

**Ставка 427 Привремени вработувања** е ставка за исплата на лица ангажирани во општината за вршење на административни работи и истата е реализирана во вкупен износ од 10.435.845,00 денари.

**Ставка 463 Трансфери до невладини организации и спортски здруженија** е реализирана во износ од 10.612.651,00 денари, а се однесуваат на трансфери до здруженија и граѓани , и трансфери до спортски клубови за подршка и реализација на нивните програми ќе наведеме некои организации на кој сме дале финансиска подршка ЗГ на иналидизирани лица, Интефест, Битолски камерен оркестар, ЗГ Баирска светлина, Молика движење за околина, Здружение на слепи лица, Престиж, и многу други, Од трансферите до спортските клубови КК Пелистер,РК Пелистер, ФК Пелистер, Шаховски клуб Стево Патако, Стрелачки клуб Тумбе кафе, и сите фудбалски клубови кои се активни на територијата на Општина Битола.

**Ставката 464 Разни трансфери** опфаќа плаќања по судски решенија во оваа година 19.903.214,50 денари и остатокот од 8.727.366,50 денари за трансфери при пензионирања, и други трансфери(трансфери на средства до донаторските сметки како наше учество, трансфер на средства по одлука на Совет на Општина Битола до Пелагонискиот регион (според член 62 од Законот за рамномерен регионален развој - Службен весник на Р.М. бр 63/07 ) според бројот на жителите, и други трансфери.

**Ставката 465 Исплата по извршни исправи**, опфаќа исплата по извршно решение на главен долг, камати, и судски трошоци по судски порамнувања, реализирана е со вкупен износ од 310.905,00 денари.

**Ставка 471 Социјални бенифиции** реализирана е во износ од 3.283.256,00 денари е наменета за помош на лица - социјални случаеви по решение од комисија за финансии и буџет или решение од градоначалник , а во согласност со Одлуката за определување на критериумите за распределба на средства, како финансиска помош од Општина Битола.

**Ставка 480 Купување на опрема и машини** реализирана е со износ од 6.410.914,00 денари и ги опфаќа купување на информатичка и видео опрема,и др опрема, како и опрема за спортските објекти на училиштата ( кошеви, стативи и др).

**Ставката 482 Други градежни објекти** е наменета за капиталните расходи( улици, патишта, водоводи,канализација и др) на општината и е реализирана со вкупен износ од 202.783.179,00 денари.

**Ставка 483 Купување на мебел** е реализирана со износ од 16.308,00 наменета е за купување на канцелариски мебел.

**Ставката 485 Вложувања и нефинансиски средства** реализирана е во износ од 1.750.376,00 денари , од кои најголемиот дел се за надомест за одземен имот, и дел за купување на комјутерски софтвер.

**Ставката 486 Купување на возила** реализирана е во износ од 1.903.340,00 денари за купување на две возила за потребите на општината.

**На сметката  Самофинансирачки активности на Општината Битола планирани се и реализирани следните расходи**

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **79.931.440** | **41.946.559** |
| **40 Плати, наеминини и надоместоци** | **4.385.540** | **2.876.670** |
| 401 Основни плати и надоместоци | 3.215.700 | 2.099.966 |
| 402 Придонес за социјално осигурување | 1.169.840 | 776.704 |
| 403 Останати придонеси од плата | | |
| **41 Резерви и недефинирани расходи** | | |
| 412 Постојана резерва | | |
| 413 Тековни резерви | | |
| **42 Стоки и услуги** | **69.203.900** | **37.486.637** |
| 420 Патни и дневни расходи | 1.621.130 | 462.851 |
| 421 Комунални услиги греење комуникација | 8.397.120 | 4.476.646 |
| 423 Ситен инвентар алат и други материјали за поправка | 29.227.650 | 17.074.030 |
| 424 Поправки и тековно одржување | 9.097.500 | 4.480.571 |
| 425 Договорни услуги | 15.489.520 | 8.237.906 |
| 426 Тековни расходи | 5.370.980 | 2.754.634 |
| 427 Привремени вработувања | | |
| **46 Субвенции и трансфери** | | |
| 463 Трансфери до невладини организации | | |
| 464 Разни трансфери | | |
| 465  Исплата по извршни  исправи | | |
| **47 Социјални бенифиции** | | |
| 471 Социјални надоместоци | | |
| **48 Капитални расходи** | **6.342.000** | **1.583.252** |
| 480 Купување на опрема и машини | 2.319.000 | 787.479 |
| 481 Градежни објекти | 800.000 | 420.340 |
| 482 Други градежни објекти | 120.000 | |
| 483 Купување  мебел | 747.000 | 63.900 |
| 485 Вложувања и нефинансиски средства | 656.000 | 152.033 |
| 486 Купување на возила | 1.700.000 | 159.500 |




Вкупни тековно оперативни и капитални расходи за **Само-финансирачките активности** се реализирани 41.946.559,00 денари од планираните 79.931.440,00 денари или 52,48 % . и тоа:

Ставка 401- Основни плати и надоместоци планирани се трошоци во износ од 3.251.700,00 денари, реализирани 2.099.966,00 денари.

Ставка 402 - Придонеси за социјално осигурување од работодавачите планирани се трошоци во износ од 1.169.840,00 ден, реализирани 776.704,00 денари.

Ставка 420- Патни и дневни расходи планирани се трошоци од 1.621.130,00 денари, реализирани 462.851,00 денари.

Ставка 421- Комунални услуги греење и транспорт планирани се трошоци од 8.397.120,00 денари, реализирани се 4.476.646,00 денари.

Ставка 423 -Ситен инвевентар и др. материјали за поправка планирани се трошоци во износ од 29.227.650,00 денари реализирани се 17.074.030,00 денари.

Ставка 424 - Поправки и тековно одржување планирани се трошоци во износ од 9.097.500,00 денари, реализирани се 4.480.571,00 денари.

Ставка 425- Договорни услуги планирани се трошоци во износ од 15.489.520,00 денари реализирани се во износ од 8.237.906,00 денари.

Ставка 426- Други тековни расходи планирани се трошоци во износ од 5.370.980,00 денари, реализирани се 2.754.634,00 денари.

Ставка 480- Купување на опрема и машини планирани се средства во износ од 2.319.000,00 денари,реализирани се 787.479,00 денари.

Ставка 481- Градежни објекти планирани се трошоци во износ од 800.000,00 денари, реализирани 420.340,00 денари.

Ставка 483- Купување на мебел,планирани се трошоци во износ од 747.000,00 денари, реализирани 63.900,00 денари.

Ставка 485- Вложувања и нефинансиски средства планирани се трошоци во износ од 656.000,00 денари, реализирани се 152.033,00 денари.

Ставка 486- Купување на возила , планирани се средства од 1.700.000,00 денари,реализирани се 159.500,00 денари.

Поединечно КЗ Музејска и кинотечна дејност- 52,54%,В1 Детски градинки - 56%, В2 Старски дом- 85,84%, Н1 Основно образование - 26,17%,Н2 Средно образование - 54,91%, .

**На сметката Донации на Општината Битола планирани се и реализирани следните расходи**

| | **Планирани** | **Реализирани** |
|---|---|---|
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **31.440.571** | **4.538.132** |
| **42 Стоки и услуги** | **6.028.845** | **1.181.668** |
| 420 Патни и дневни расходи | 221.400 | 125.508 |
| 421 Комунални услиги греење комуникација | 369.000 | 42.846 |
| 423 Ситен инвентар алат и други материјали за поправка | 98.400 | 21.484 |
| 424 Поправки и тековно одржување | | |
| 425 Договорни услуги | 3.298.245 | 440.150 |
| 426 Тековни расходи | 2.041.800 | 551.680 |
| **46 Субвенции и трансфери** | **410.520** | **6.427** |
| 461 Субвенции за јавни претпријатија | | |
| 463 Трансфери до невладини организации | | |
| 464 Разни трансфери | 410.520 | 6.427 |
| **47 Социјални бенифиции** | | |
| 471 Социјални надоместоци | | |
| **48 Капитални расходи** | **25.001.206** | **3.350.037** |
| 480 Купување на опрема и машини | 2.100.000 | |
| 481 Градежни објекти | | |
| 482 Други градежни објекти | 22.901.206 | 3.350.037 |
| 483 Купување мебел | | |
| | | |

Од планираните расходи од Донации реализирани се средства од:
**Донација - Тумбе-кафе Спортско- рекреативен комплекс** реализирани се 2.018.844,00 денари, или 100 %.
**Донација - Тумбе-кафе Културна историска знаменитост** реализирани се 1.132.362 денари, или 100%.
**Донација - Санација и уредување на месни заедници** реализирани се 198.831 денари, или 13,26 %.
**Донација - Граници без граници** реализирани се 1.162.417,50 денари, или 26,42 %.
Донациите во основните, средните училишта, зоолошката градина, градинките се рализирани со 0,11%.




## БИЛАНС НА СОСТОЈБА

**3.Извештај за средствата , побарувањата, обврските, и изворите на средствата и нивната вредност**

Општината при изготвувањето на Завршната сметка покрај Билансот на Приходи и Расходи изготвува и Биланс на состојба кој е потребно да се преточи во објаснување во овој дел на Извештајот.

Податоците кои се утврдени во Билансот на состојбата реално ја прикажуваат имотната состојбата на општината.

За изготвување на Билансот на состојбата пореално, беа формирани пописни комисии со решение од страна на Градоначалникот , со цел да ја утврдат состојбата на недвижниот имот, основните средства, и ситниот инвентар како и побарувањата и обврските на Општината.

Првата комисија за попис на недвижен имот во состав
Драги Налевски -Претседател
Татјана Танчевска-Петковска-член
Момчило Петревски-член

Според извештајот комисијата за недвижности совесно и одговорно ја извршила својата задача и обезбедила податоци за постоечкиот имот, кој се води во катастарските книги на Општина Битола .Оваа година како недвижен имот на општината се евидентирани Средношколскиот дом Мирка Гинова и девет објекти во поранешната касарна Стив Наумов- Битола.

Во Билансот на состојба се искажани следните податоци:

| | |
|---|---|
| **Други нематеријални права** | 2.689.559,00 денари |
| **Исправка на вредноста на др. нематеријални права** | 219.623,00 денари |
| **Сегашна вредност** | 2.469.936,00 денари |
| **Земјиште за друга намена** | 45.903.137,00 денари |
| **Градежни објекти** | 347.752.854,00 денари |
| **Станови и деловни објекти** | 33.335.361,00 денари |
| **Исправка на вредноста** | 13.813.897,00 денари |
| **Сегашна вредност на објектите** | 367.274.318,00 денари |

Втората пописна комисија за попис на основни средства и ситен инвентар работеше во состав:

Благој Темелковски - Претседател
Ленче.Г.Василевска -член
Тони Маурдевски-член

Исто така совесно ја изврши својата задача. Новонабавените основни средства се евидентирани во пописните листи за 2011 година , со инвентарни броеви.Дадени се и предлог- пописни листи за расход на основни средства, инвентар и опрема .

Во Билансот на состојба се искажани следните податоци кои се совпаѓаат со извештајот на пописната комисија

| | |
|---|---|
| **Опрема** | 74.954.979,00 денари |
| **Исправка на вредноста на опремата** | 36.559.245,00 денари |
| **Сегашна вредност** | 38.395.734,00 денари |
| **Други материјални средства** | 17.944.348,00 денари |
| **Инвестиции во тек** | 162.016.432,00 денари |

Во инвестиции во тек се евидентирани започнатите проекти за изградба и реконструкција на атмосферска и фекална канализација , изградба и реконструкција на водоводи во повеќе места во градот, руралните средини,монтажните училишта во с. Карамани и с. Крклино, иинвестирањето во индустриската зона Жабени и др.

**Долгорочни финансиски вложени и здружени средства** 1.919.367.035,00 денари

Во оваа категорија е основачки влог на Општината Битола во јавните претпријатија, локалните јавни установи , Центар за развој на Пелагониски регион, и др каде основач е Општината Битола .

Третата пописна комисија на побарувања и обврски работеше во состав
Славица Димитровска - претседател,
Наташа Ташкова-член,
Елена Илијовска-член

Според извештајот на третата комисија за побарувања и обврски се констатираа следните состојби :

| | |
|---|---|
| **Пари на жиро сметка** | 27.410.851,00 денари |
| **Парични средства во касата** | **0** |
| **Бонови за гориво** | 70.000,00 денари |

**Вкупни побарувања на Општина Битола** 176.629.412,00 денари
Побарувањата се однесуваат на побарувања по основ на данок на имот за физички лица е во износ од 65.715.348,00 денари, данок на имот за правни лица е во износ од 17.450.077,50спорни побарувања 649.434,00 денари и 4.252.692,50 денари по основ на закупнина од деловни објекти за издавање на рекламни паноа, побарувања од ЕВН по основ на задоцнета уплата на надоместокот за улично осветление во висина од 1.863.872,00 денари и др побарувања од ЕВН во износ од 402.987,00 денари.
Комисијата во соработка со стручните служби констатира дека како други побарувања се побарувања по основ комунална такса за истакнување на фирма 82.602.818,50 денари и побарувања по основ на заведени судски спорови во износ од 3.692.182,50 денари.

**Побарувања за дадени аванси кон добавувачи** 52.034.556,00 денари.
Евидентираните побарувања за аванси во најголем дел се за електрификација на зоната Жабени каде ексклузивно право има ЕВН - Македонија која изведбата на електрификацијата во договорот ја условува со плаќање на аванс, и др дадени аванси.

**Други краткорочни побарувања од службениците во општинската администрација** 308.062,00 денари

**Краткорочни финансиски побарувања** 180.000,00 денари
Се однесуваат на побарувања од фирмите на Жените претприемачи кои беа избрани со проект подржан од УСАИД, истите се утужени и се во извршна постапка.

**Други меѓусебни побарувања во односите со буџетот и фондовите** 40.000,00 денари

**Побарувања за други платени даноци и придонеси** 87.044.00 денари

**Обврските кон добавувачите**
**на Општина Битола** 114.226.433,00 денари

Обврските се однесуваат за отворени обврски за кои фактурите или ситуациите стигнале со задоцнување , и за фактури кои пристигаат во први месец 2012 година а се однесуваат за 12-ти месец 2011 година.Поголемиот дел од овие обврски доспеваат или имаат рок за плаќање во 2012 година.

**Обврски спрема добавувачи граѓани** во износ од 131.643,00 денари
Тоа се обврски кон ангажирани лица во Општина Битола за волонтерска работа.
**Други краткорочни финансиски обврски** во износ од 450.313,00 денари
Тоа се обврските за надоместок за советниците за месец 12-ти 2011 година

**Обрските спрема државата и други институции** 58.345,00 денари
Ја опфаќа обврската за плаќање на персонален данок за надоместокот на советниците и исплатите по основ на договор. за 12 месец 2011 година.

**Други обврски од меѓусебни односи** 11.474.628,00 денари
Обврските се однесуваат на обврски кон добавувачи -правни лица кои истовремено се и гаранции од правните лица за извршената работа на капиталните инвестиции на општината.

Пресметка и обврски за плати 3.367.803,00 денари
Обрските се однесуваат на неисплатената плата на општинската администрација за 12-ти месец 2011 година.

Ситниот инвентар и неговата исправка се со износ од 2.075.626,00 денари .

Во вонбилансната евиденција се евидентирани покрај сегашните вредности на нематеријалните,материјалните добра , основачките влогови, и објектите дадени на користење на општината од Владата на Р.М.
При прегледот на заведени судски спорови спрема општината утврдени се заведени спорови за надомест на штета без определена вредност, (пр ГП Пелистер, физички лица за експропријација) и др.

## 4. Извештај за реализација на инвестиционите програми, наменските, капиталните и блок дотации за делегирани надлежности

Извештајот за реализација на инвестиционите програми ја содржи групата 48 Капитални расходи или ставката 482 која ги опфаќа; подготвување на проекти за улици, патишта, пречестителни станици, водоводи, енергетика, и други објекти, изградба и реконструкција на улици и патишта, изградба и реконструкција на водоводи, изградба и реконструкција на пречестителни станици, изградба и реконструкција на капацитети во енергетиката и е реализирана во износ од **200.912.384,00 денари**.

**За подготвување на проекти и ревизија на проекти за улици,и патишта** потрошени се средства во износ од **7.665.622,00 денари** . Проектите и елаборатите се изготвени за следните улици: ул Владимир Назор,ул Наум .Н. Борче, ул Кирил и Методиј, ул Едвард Кардељ, ул Солунска,ул Железничка,ул Стале Попов, ул Крушево, ул Долеџик ул Љубојно ул Славко лумбарко,ул Цар Самоил, проекти за локални патишта за селата Буково, Крклино, Крстоар, Олевени, Братиндол, Драгош и др.
**Изградба и реконструкција на улици и патишта** потрошени се средства во износ од **124.748.332,00 денари**. Вложени се средства за изградба и реконструкција на следните улици: , ул Кукуш, влезот во Битола ,коловоз пред стамена згртада БЛР 1,ул Гоце Делчев,улична мрежа во индустриската зона Жабени ул Мирче Ацев ,ул Пецо Божиновски,ул Индустриска, ул Кирил и Методиј,ул Едвард Кардељ, ул 5-та,ул Никола Тесла, ул Љубојно,ул Дебарска,ул Нико Фундали, ул Стале Попов,ул Крушево,ул Славко Лумбарковски ,ул Цар Самоил. ул Девеани,и тапомнирање на улици во селата Горно Оризари, Кременица, Олевени, Градешница,Кишава Лавци, Буково и др.
**За подготвување на проекти и ревизија на проекти за мостови** потрошени се средства во износ од **195.980,50 денари ,** за изработка на идејни и основни проекти за мостови во село Рамна и мост на реката Драгор.
**За подготвување на проекти и ревизија на проекти за пречистетилни станици и колкектори** потрошени се средства во износ **од 231.012,00 денари .**
**Изградба и реконструкција на пречестителни станици и колектори** потрошени се средства во износ од **30.015.077,50 денари ,** за фекална канализација на ул Довлеџик, канализација на ул 23-та, изградба на канализација во Јени Мале,изградба на мешовита канализација на ул Никола Тесла,мешовита канализација на магистрален пат М-5, канализациони приклучоци за средните училишта д-р Јован Калаузи, и Кузман Шапкарев,фекална канализација ул Солунска, и дел од пречестителната станица во Жабени, мешовита канализација на ул Пецо Божиновски, канализација на ул Славко Лумбарковски , фекална канализација за стамбена зграда Довлеџик 1,изградба на западен ободфен канал,фекална канализација на ул Крушево и др.
**Изградба на споменици** потрошени се средства во износ од **4.388.159,50 денари**, за доплата на вајарот Ангел Коруновски и изработка на постамент на споменикот на бранителите.
**За подготвување на проекти и ревизија на проекти за капацитети за водоснабдување** потрошени се средства во износ од **488.912,00 денари**, за проекти и елаборати на водоводни мрежи на улиците : Владимир Назор, водоводна мрежа улици во БЛР 1, и убан блок број 18 и др.
**Изградба и реконструкција на капацитети за водоснабдување** потрошени се средства во износ од **16.016.911,50 денари** и тоа: изградба на водоводна мрежа на влезот од северната страна на Битола, водоводна линија пред стамбена зграда БЛР 1, водоводна линија Довлеџик 1,реконструкција на водоводна линија на ул Солунска, ул Никола Тесла,Мирче Ацев,ул 23-та,ул Стале Попов, ул Крушево, ул Цар Самоуил,ул Бранко Радичевиќ и др.
**За подготвување на проекти и ревизија на проекти за капацитети во енергетиката** потрошени се средства во износ од **268.165,00 денари**, и тоа за проекти за нисконапонска мрежа и улично осветлување на улица Борис Кидрич,урбан блок број 18, стамен блок 8- Областа, и др.

**Изградба и реконструкција на капацитети во енергетиката** потрошени се средства во износ од **3.063.630,00 денари** и тоа за изградба на нисконапонска и високонапонска мрежа- северниот влез во Битола,изградна на електрична инсталација на споменикот на Бранителите и др.

**За подготвување на проекти и ревизија на проекти за други објекти** потрошени се средства во износ од **9.244.249,50 денари,** и тоа елаборати за фудбалско игралиште Горно Оризари и Медицинското училиште,елаборат за помошно игралиште на локалитет Шеталиште, проекти за лената сцена и триумф патеката на Тумбе кафе,нумерички податоци за поединечните парцели на индустриската зона Жабени,елаборат за ажурирана подлога за Француските гробишта, нумерички податоци за Нижеполе,проект за реконструкција на У.З Стевче Патако , ревизија на проект за уличната мрежа во индустриската зона Жабени и др.

**Изградба и реконструкција на другi објекти** потрошени се средства во износ од **2.920.577,50 денари** и тоа за : потпорни зидови на ул Дебарска, и село Нижополе,реконструкција на урбаната заедница Александар Турунцев, изградба на бетонски платоа за монтажни училишта во селата Крклино и Карамани, реконструкција на фудбалски игралишта во село Поешево и село Кукуречани, реконструкција на задниот дел од дворот на општинската зграда.

**Надзор над изградбата на претходно споменатите проекти** потрошени се се средства во износ од **1.530.727,00 денари.**

**На сметката Дотации на Општина Битола планирани се и реализирани следните приходи**

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **Вкупно Приходи** | **605.582.645** | **597.943.427** |
| **71 Даночни приходи** | | |
| **74 Трансфери и донации** | **605.582.645** | **597.864.501** |
| 741 Трансфери од други нивоа на власт | **605.582.645** | **597.864.501** |
| 742 Донации од странство | | |
| 743 Капитални донации | | |
| **72 Неданочни приходи** | | **78.926** |
| 725 Други неданочни приходи | | 78.926 |
| **76 Задолжување во странство** | | |
| **77 Продажба на хартии од вредност** | | |
| **78 Приходи од отплата на заеми** | | |
| **79 Разлика на приходите и трошоците** | | **6.456.823** |
| | | |




Приходите на оваа сметка се остварени по основ на Трансфери од други нивоа на власт односно од соодветните Министерства на локалните јавни установи , и пренесениот вишок на приходи од претходната година.

**На сметката Дотации на Општината Битола планирани се и реализирани следните расходи**

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **605.582.645** | **591.486.604** |
| **40 Плати, наеминини и надоместоци** | **511.991.813** | **509.888.798** |
| 401 Основни плати и надоместоци | 373.270.752 | 371.801.700 |
| 402 Придонес за социјално осигурување | 138.721.061 | 138.087.098 |
| 403 Останати придонеси од плата | | |
| **41 Резерви и недефинирани расходи** | | |
| 412 Постојана резерва | | |
| 413 Тековни резерви | | |
| **42 Стоки и услуги** | **89.931.348** | **79.707.693** |
| 420 Патни и дневни расходи | | |
| 421 Комунални услиги греење комуникација | 41.674.287 | 35.524.813 |
| 423 Ситен инвентар алат и други материјали за поправка | 9.508.676 | 8.271.953 |
| 424 Поправки и тековно одржување | 2.238.834 | 1.647.998 |
| 425 Договорни услуги | 36.309.551 | 34.262.929 |
| 427 Привремени вработувања | 200.000 | |
| **48 Капитални расходи** | **3.659.484** | **1.890.113** |
| 480 Купување на опрема и машини | | |
| 481 Градежни објекти | 3.023.596 | 1.570.355 |
| 483 Купување на мебел | 508.561 | 208.250 |
| 485 Вложувања и нефинансиски средства | 127.327 | 111.508 |




***Корисници на средства од наменска и блок дотација:***

Вкупните тековни оперативни расходи за корисниците на наменската и блок дотација се реализирани во износ од 591.486.602,50 денари од планираните 605.582.645 ,00 денари и тоа:

Ставка 401- Основни плати и надоместоци се реализирани расходи од 371.801.700,00 ден, од планираните 373.270.752,00 денари.

Ставка 402-Придонеси за социјално осигурување од работодавачите е со реализирани расходи во износ од 138.087.098,00 денари, од планираните 138.721.061,00 денари.

Ставка 421-Комунални услуги, комуникација и транспорт, реализирани се трошоци во износ од 35.524.813,00 денари од планираните 41.674.287,00 денари во вкупниот буџет.

Ставка 423- Ситен инвентар, алат и други материјали за поправки,реализирани се трошоци во износ од 8.271.953,00 ден, од планираните 9.508.676,00 денари.

Ставка 424-Поправка и тековно одржување, реализирани се трошоци во износ од 1.647.998,00 ден од планираните 2.238.834,00 денари.

Ставка 425-Договорни услуги реализирани се услуги во износ од 34.262.929,00 ден, од планираните 36.309.551,00 денари.

Ставка 482- Др. градежни објекти реализирани се во износ од 1.570.355,00 ден, од планираните 3.023.596,00 денари.

Ставка 483- Купувување на мебел реализирани се во износ од 208.250,00 ден, од планираните 508.561,00 денари.

Ставка 485- Вложувања и нефинансиски средства реализирани се во износ од 111.508,00 ден, од планираните 127.327,00 денари.

Поединечно програмата К3- Музејска и кинотечна дејност е остварена со 99,68 %, В1 - Детски градинки со 89,22 %, В2- Дом за стари лица со 95,66%, Н1- Основно образование-99,22%, Н2- Средно образование 97,75%, Ѣ0- Противпожарна заштита со 99,32%.
Долговите на корисниците на наменска и блок дотација од сметката за наменска и блок дотација се: Основно образование Н1- 16.263.618,00 денари, Средно образование Н2- 27.178.251,50,Зоолошка градина К3-193.351,00 денари,Детски градинки В1- 461.250,00 денари, Старски дом В2 - нема обврски од сметката за блок дотација.

**5. Извештај за користењето на финансиските средства од тековни резерви**

По основ на постојана резерва не се потрошени средства од Буџетот на Општината Битола .

По основ на тековна резерва потрошени се средства во износ од **592.622,00 денари** за исплата на лица за смрт на член на потесно семејство во локалните јавни установи и општината и по основ боледување подолго од 6 месеци, во локалните јавни установи и општината.
Резултатите во 2011 година не ќе беше можно да бидат постигнати без соодветна подршка на Советот на Општина Битола . Советот одржа вкупно 16 седници и тоа 15 редовни и 1 вондредна седница на кои беа разгледани 299 точки.
Навременото и ефикасно донесување на одлуките позитивно влијаеше врз реализацијата на програмите на Општината.
Постигнатото го реализираше општинската администрација, организирана во 6 сектори, 17 одделенија и една единица, со организиран едношалтерски систем на услуги за делокругот на обврските на локалната самоуправа.

Бр 07- 06/5
15.03.2012 год.
Битола

**Сектор за финансиски прашања**
**на Општина Битола**